Ило ТРАЈКОВСКИ

# ОД ЦИВИЛНООПШТЕСТВЕНА КОН ГРАЃАНСКОСОДРУЖНИЧКА МАКЕДОНСКОЈАЗИЧНА РЕЦЕПЦИЈА НА СОВРЕМЕНИОТ ПОИМ ЗА SOCIETAS CIVILIS: ТЕЗИ*

Мојот прилог кон овој научен собир е во духот на јубилејот кој се одбележува. Јубилеите ја откриваат вистината за постоењето на нештата, а оддамнина се знае дека *во виното е вистината*. Во тој дух, соопштувајќи ги најзначајните сознанија од моето докторско истражување на метасоциологијата на современите теории за граѓанското општество (Трајковски, И. 1995), во прилог го отворам проблемот со сместувањето на интелектуалното вино, односно на аналитичките, нормативните и политичките идеи и вредности на современиот поим за societas civilis.

Под влијание на источноевропската теориска и политичка иницијатива, во современата политичка мисла се обнови интересот за овој, според *мнозумина*, централен поим на политичката мисла од деветнаесеттиот век.[1] За негово означување во странските јазици се користат изрази како, на пример: „civil society“ во англискиот; „bürgerliche Gessellschaft“, во германскиот; „société civile“ во францускиот; „spoleczenstwo obywatelskie“, во полскиот; „гражданско обштество“ во бугарскиот; „meščanska“ или „civilna“ družba, во словенечкиот; „građansko“ или „civilno“ društvo“ во српскиот и хрватскиот јазик, и сл.

Нашата социјална и политичка мисла, комуницирајќи со источноевропските и западноевропските интелектуални и пошироки културни кругови како *реципиент*, го имитира нивниот начин на именување на современиот поим и проектот societas civilis. Овој начин на рецепција е заснован врз тезата дека: „иако синтагмата „граѓанско

---

*. Соопштение на научниот собир "Хуманистичката мисла и општествената стратегија", Скопје, Филозовски факултет, декември 1996

1. Селективната бибиографија на референтни трудови кои се непосредно или посредно релевантни за разбирање на современиот поим societas civilis брои повеќе од петстотини наслови, напишани од околу двеста и пеесетина автори од различни земји.

општество“ претставува „најсоодветен превод во нашиот јазик“, сепак. „преведувањето на словенечката синтагма civilna družba, односно на српската и хрватската civilno društvo со „**цивилно**“ наместо со **граѓанско општество**“ е пооправдано заради тоа што синтагмата цивилно општество стана **заштитен знак**“ (Иванов, Ѓ. 1992). Но, што всушност заштитува заштитниот знак „цивилно општество“?

За одговор на ова прашање неопходна е соодветна анализа на категоријалната структура од која е сочинет заштитниот знак и со него означениот поим. Пред сé, неопходна е критичка анализа и оценка на границите на значењето на појдовната резидуална категорија општество. Таквата анализа е појдовна претпоставка за успех на секоја категоријална и поимска реконструкција во општествените науки и за оценување на дострелот на таквите потфати (Weber, M. 1986:77).

Резултатите од таква анализа на резидуалната категорија општество на новововедениот знак „цивилно општество“ покажуваат дека со овој знак се заштитува минатото, а не иднината. Наместо да ја пренасочува социјалната мисла и практика во саканиот правец тој уште повеќе не вовлекува во замката на хетероглосијата. Опстојувајќи врз резидуалната категорија општество цивилноопштествената рецепција на societas civilis останува во рамките на *холистичката социоонтологија*. Поради тоа знакот „цивилно општество“ сигнализира затворен правец за индивидуалистичката социоонтологија на современиот поим за soceitas civilis. Елаборацијата на оваа теза може да се изведе на две нивоа.

Прво, анализата на метаговорот на македонскиот збор „општество“ покажува дека тој е дефиниран во рамките на *заедничарската*, *колективистичка* и *холистичка социоонтологија*. Имено, како што соопштуваат оргиналните извори за развитокот на македонската литературнојазична лексика одлуката да се прифати зборот „*општество*“, а не некоја друга алтернација, била донесена со јасна свест за *метајазичните* и идеолошките функции кои требало да бидат постигнати. За тие цели не одговарал ниту зборот „друштво“ ниту зборовите, „другарство“ и „здружение“. Тие не асоцирале на она што го носел зборот „општество“, а тоа била метаидејата **за заедница и за целина** (Корубин, Б. 1994: 220). Според тоа, како таксономски критериум не е земена историчноста на социјалната форма „општество“ туку идеолошката подобност, пред сé, на Марксовиот критички, значи нормативен поим за општеството.

Меѓу другото ова се потврдува и со сознанијата дека овој збор за разлика од неговите странски когнати има сосема ограничен делокруг на важење и употреба. На пример, со него се користат, пред сé, учените луѓе. Тој не е составен елемент на вокабуларот на селаните, работ-

ниците и слични слојни категории на граѓани во Македонија. Бидејќи е дефиниран и се употребува само како инклузивен и апстрактно-општ поим тој ѝ е достапен само на науката за општеството, односно на некој друг вид на излагање како, на пример, историскиот материјализам, марксистичката социологија научниот социјализам и сл.[2] На тој начин функцијата на „науката за општеството" во сферата на спознавањето на социјалниот живот се совпаѓа со императивот на дејствувањето на авангардата - освен мене друг бог да немаш.

На второ ниво, се покажува дека за разлика од нашата резидуална категорија општество и врз основа на неа изведениот поим цивилно општество, понапред спомenатите современи странски поими, односно нивните резидуални категории се дефинирани во согласност со премисите на *индивидуалистичката социоонтологија*. Во овие рамки социјалната интеракција и општествената интеграција се поимаат како заемност и интеграција „врз основа на делумно спротивставување помеѓу Јас, Ти и Тој. Оваа форма на социјална заемност се нарекува *содружништво* затоа што станува збор за, како што вели Гурвич, „однос со Друг". „Тој" е „Друг" затоа што си припаѓа на себеси исто како што „Јас" си припаѓам себеси. „Другиот" не е мој. Него не го носам во мене туку Тој е со мене, до мене, покрај мене или против мене. За „Другиот" не можам да речам: „јас сум со него едно" или „ние сме едно". Со „Другиот" не сум „на Ти" туку „на Вие" (Gurvič, Ž. 1965).

Истражувањата на историјата на содружничкото поимање на знакот socieatas civilis (Seligman, A. 1992; Keith, T. 1992; Cohen, J. L. and A. Arato 1992; Riedel, M. 1991). покажуваат дека нормативното, аналитичкото и политичкото исполнување на истиот биле моделирани во согласност со конкретно-историските достигања на двата основни пола на рационализација на општествената заемност - индивидуалистичката дезинтеграција на традиционалните природни заедници, на една страна, и здружувањето врз основа на делумно спротивставување помеѓу индивидуализираните Јас, Ти и Тој, на друга страна.

Првите обиди за теориска рационализација на ослободувањето на „Јас" од заедницата и неговото поставување во однос на некое друго „Јас" и на изведување на содружнички поим за заемноста и интеграција се наоѓаат во рамките на античките учења за polis-от и во римските учења за civitas-от. Следната етапа во ослободувањето на индивидуализираното „Јас" од заедницата се препознава на полето на економијата. Подоцна, откако содружничкото изградување и обликување на модерното општество резултира и со политичка победа се ин-

2. Во еден од првите учебници по социологија на македонски јазик пишува дека позивот, смислата и етосот на социологијата е „да одговори на прашањето: што е општеството" и, уште повеќе дека „социологијата како наука... има за задача да го прикаже општествениот живот како тоталитет" (Милосавлевски, С. и Ј. Радевски, 1968: 2)

ституционализираат проектите за повторно соединување на она што во текот на дваесетина века постојано се раздинувало. Фашизмот на Запад и комунизмот, односно социјализмот на Исток и објавија војна на социјалната диференцијација. Тие рационализмот и содружништвото ги оспоруваа во двете нивни манифестации. Социоонтолошкиот реализам и колективизмот на сите нивоа, од семејството до општеството ги „поправаа“ грешките на социоонтолошкиот номинализам и индивидуализам. На историската сцена истапуваше само еден единствен актер, нејзиното височество, „Општествената заедница“.

Современите теории и т.н. „нови дискусии“ за societas civilis се поврзани со фундаменталната промена до која дојде со пропаста на реалсоцијализмот на Исток и по кризата на државата на благосостојба, на Запад. На метасцоиолошко ниво таа промена може да се одреди како процес на граѓанско содружничко *разградување на општествената заедница*. Овој процес ги оживеаја старите слики изразувани со зборовите како што се, на пример, автономна и слободна индивидуалност, разум, слобода, прогрес, промена, здружување, граѓанин и сл. Тие се сместуваат во рамките на современата метафизика на субјектот која поаѓа од индивидуумот, а не од заедницата. Од оваа метафизика израснува идејата за социјалното полнолетство на човекот и општеството, т.е. за нивниот граѓански и содружнички карактер.

Врз основа на овие назначени сознанија може да се развие тезата дека „граѓанството“ и „содружништвото“ се две страни на еден ист процес. Од тие причини тековната цивилноопштествена категоријална рамка на нашата рецепција на современите теории за societas civilis се покажува како „трик на митската итрост на мислењето“ (Мухиќ, Ф. 1977:7). Тоа значи обид за решавање на нов проблем со употреба на категоријални форми создадени во некое друго време и што е најбитно за други намени.

Врз основа на овие сознанија и критички оценки можно е развивање на алтернативна категоријална рамка за нашата рецепција на современите теории за societas civilis. Клучен поим на таа рамка е поимот граѓанско содружништво. Ценам дека оваа категоријална интервенција претставува прилог кон решавање на социолингвистичката криза (Фотев, Ѓ. 1992) со која се соочува македонското постреалсоцијалистичко општество. Таа криза се состои во тоа што, од една страна имаме зборови за кои веќе нема нешта, а од друга страна имаме нешта за кои немаме имиња. Во таква ситуација одредени стари зборови или изрази, како на пример, изразот „цивилно општество“, застануваат на местата на новите појави и поими, како на пример на местото на поимот граѓанско содружништво. А, во согласност со сознанијата и доказите на А. Гиденс (Giddens, A. 1979), Џ. Деженар (De-

genaar, J. 1990) и други современи социолози и филозофи, општеството и, според тоа, и социологијата се дискурзивни практики, т.е. практики засновани врз социјална конструкција на поимите или значењето на симболите. Затоа велам дека, изразот „цивилно општество“, значи турање на новото идејно вино собрано од граѓанско содружничкото виногорје на современиот социјален живот во старата лексичка мешина, т.е. во категоријата општество.

ЛИТЕРАТУРА


Cohen, J.L. and A. Arato: *Civil Society and Political Theory*, The MIT Press, Cambridge, Massachusetts and London.

Degenaar, J. 1990: „The Myth of A South African Nation“ *IDASA Occasional Papers* 40:115.

Giddens, A. 1979: *Central Problems in Social Theory: Action, Structure and Contradiction in Social Analysis*. Berkeley and L. Angeles: University of Carolina Press.

Gurvič, Ž. 1965: *Savremeni poziv sociologije*, Sarajevo: Veselin Masleša.

Иванов, Ѓ. 1992: „Societas civilis: Новите противречности на една стара расправа“, ДИЈАЛОГ, бр. 1:133-143,

Keith, T. 1992: *Civil Society*, London and New York: Routledge

Корубин, Б. 1994: *Македонски историо социолингвистички теми*. Скопје: Матица Македонска.

Милосавлевски, С. и Ј. Радевски, 1968: *Елементи на социологијата*, Скопје: Универзитетска Печатница.

Мухиќ, Ф. 1977: *Критички методи*, Скопје: Мисла.

Riedel, M. 1991: „Društvo, Građansko“ vo Z. Pokrovac (ur.) *Građansko društvo i država*, Zagreb: Naprijed.

Seligman, A. 1992: *The Idea of Civil Society*, New York: The Free Press.

Weber, M. 1986: *Metodologija društvenih nauka*, Zagreb: Globus.

Фотев, Ѓ. 1992: „Преструктуирање на социјалниа свият в посттоталитарното общество“, *Социолошчески Проблеми 19* (3-4): 3:15.

Трајковски Ило, 1995: Метасоциологијата на современите теории за граѓанското општество. Филозофски факултет, докторска дисертација.

Ilo TRAJKOVSKI

# FROM COMMUNITARIAN TOWARDS ASSOCIATIONAL MACEDONIAN RECEPTION OF THE CONTEMPORARY CONCEPT OF CIVIL SOCIETY

(Summary)

The contribution pleads for conceptual reconstruction of the current Macedonian reception of the contemporary Western concept of societas civilis (civil society). The arguments are represented within metasociological framework. They are developed through critical discourse analysis of the residual category ("society") of the Western concept of civil society and of („општество“/opštestvo) of the Macedonian concept of цивилно општество (civilno opštestvo). The author argues that the Macedonian category of општество (opštestvo) has been defined within the communitarian socioontology, and that within such framework it paradigmatically means societal community. By confronting this concept with the modern and contemporary Western concept of society the author elaborates an alternative concept for the Macedonian reception. It is denoted with the syntagm, граѓанско содружништво.